Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 октомври 2019 година

Скопје, октомври 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 октомври 2019 година**

Седницата започна во 18:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Северна Македонија Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Хисен Џемаили, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџат Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7. - 31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

1. Дополнет Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

2. Предлог-закон за енергетска ефикасност

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година

6. Предлог-одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации

7. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Тања Дедејска и други против Република Северна Македонија и други 7 апликации, А. бр. 43344/18, 2299/19, 5920/19, 5948/19, 5960/19, 5969/19, 5972/19 и 7159/19

8. Предлог-закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции

*

*         *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7. - 31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.-31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (3.10.2019 година), која е доставена до Собранието на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за економија, да се измени и тоа:

\- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини кој треба да се достави во Владина постапка до 15.10.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.12.2019 година (поради зголемен обем на потребни изменувања и дополнувања на Законот, односно потребна е целосна измена на прекршочните одредби, но и транспонирање на директивата 94/22/ЕЗ за условите за издавање и користење одобренија за барање, истражување и производство на јаглеводороди).

2. Согласно овој заклучок соодветно да се измени и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година.

Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.-31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (измена 3.10.2019 година), утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член (11) став 2, член 20 став (10) и членови 24 и 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, го утврди и заклучи согласно член 180-а од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереник Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-законот за енергетска ефикасност.

**Точка 3**

1. Владата го именува Хисен Џемаили, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, за член на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

2. Владата за претседател и членови на Националната комисија за учебници, ги именува:

а) за претседател
-проф. д-р Константин Петковски

б) за членови
од редот на високообразовните и научните установи од областа на јазиците:
-проф. д-р Маја Бојаџиевска,
- проф. д-р Бисера Костадинова-Стојчевска,
- проф. д-р Катерина Велјановска,

од редот на високообразовните и научни установи од областа на општествено-хуманистичките науки:
- доц. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ,

од редот на високообразовните и научни установи од областа на природните науки, математика и техника:
- проф. д-р Димитар Ташковски,
- проф. д-р Иван Чорбев,
- доц. д-р Башким Зибери,
- проф. д-р Владимир Радевски,

од редот на високообразовните и научни установи од областа на уметностите и спортот:
- д-р Ивица Зориќ,
- доц. д-р Блерим Саити
- проф. м-р Зоја Бузалковска
- проф. м-р Јана Андреевска,

од редот на основните и средните училишта:

- Жуко Филипоски,
- м-р Зоран Христовски,
- Маја Старова
- Розита Благојевиќ
- Мерита Коџаѓику
- Гани Ахмети
- Насер Мифтари.

**Точка 4**

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, под број 45-6687/1 од 10 септември 2019 година

**2.** Владата по повод укажувањата на Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство, заклучи Заклучокот по точка 26, од Нацрт-записникот од 156-та седница на Владата, одржана на 2 октомври 2019 година, да се промени и да гласи:

„Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесено Барање за измена и дополнување на Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект - ветерна електрана „Богословец“ на Тхор импекс ДООЕЛ, Скопје, бр.44-6987/1 од 28.12.2017 година, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот.“.

**3.** Владата во врска со земјотресот што ја погоди Република Албанија заклучи Министерството за надворешни работи да се обрати до надлежните институции на Република Албанија и да понуди помош и подготвеност на Владата на Република Северна Македонија во справувањето со последиците од земјотресот.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Тања Дедејска и други против Република Северна Македонија и други 7 апликации, А. бр. 43344/18, 2299/19, 5920/19, 5948/19, 5960/19, 5969/19, 5972/19 и 7159/19, ја усвои Информацијата и го овласти владиниот агент да го извести Европскиот суд за човекови права дека во светло на околностите на случајот, Владата одлучила да не ја прифати понудата во износ од 3.600 евра за секој од апликантите поединечно, предложена од страна на Европскиот суд за човекови права за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права и да го извести Европскиот суд за човекови права дека во случајот ќе достави писмена одбрана за целите на постапката пред Европскиот суд за човекови права која ќе продолжи како контрадикторна.

## Точка 8

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Во член 25 и член 29 да се допрецизира услов за именување на директор и заменик-директор.

2. Во член 55 (Пренос на удели), во третиот ред по зборот „согласност“ да се додадат зборовите „за пренос“.

3. Пречистениот текст на Предлог-закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции(*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Асим Муса, заменик на министерот за здравство, а за повереници Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Михајло Костовски, државен советник во Министерството за здравство.

*
*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**